# БРОШУРА - УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

Биро за јавни набавки

**2020**



**При утврдување на способноста на економските оператори, договорниот орган утврдува:**

- **дали постојат причини за исклучување од постапката,**
- **дали се исполнети условите за квалитативен избор и**
- **дали се исполнети стандардите за системи за квалитет и стандардите за управување со животната средина.**

**Во постапката за јавна набавка се вклучуваат само оние услови што се неопходни за да потврдат дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на набавка, неговата сложеност и вредност.**

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

Copyright © 2020
Изработено од вработените во Сектор за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи и Сектор за следење на системот за јавните набавки и управување со ЕСЈН

## Вовед

Договорниот орган треба да биде сигурен дека ќе склучи договор со економски оператор кој е способен да го реализира договорот за јавна набавка. Според тоа, договорниот орган ќе сака да ја провери, способноста на економските оператори во однос на усогласеноста со основните законски обврски, како и нивните финансиски ресурси, искуство, вештини и технички ресурси. Потоа, договорниот орган ќе ги исклучи од постапката за јавна набавка оние економски оператори кои немаат задоволителни резултати при таквите проверки. Овој процес се нарекува процес на утврдување на способноста на економските оператори.

Утврдувањето на способноста на економските оператори, по правило, вклучува две различни фази. Прво, договорниот орган утврдува дали постојат причини за исклучување на економските оператори од учество во постапката. Потоа, договорниот орган проверува дали економските оператори кои не биле исклучени ги исполнуваат бараните услови за способност (да бидат избрани како способни понудувачи). Економските оператори кои се способни, потоа, во зависност од видот на постапката се покануваат да поднесат понуди, да преговараат или да учествуваат во дијалог. Кај отворената постапка, поедноставената отворена постапка и набавката од мала вредност, ќе бидат евалуирани доставените понуди (техничката и финансиската понуда).

Утврдувањето на способноста на економските оператори претставува процес на оценување и одлучување кои економски оператори се квалификувани да го реализираат договорот. Овој процес мора да се спроведе преку примена на објективни, недискриминаторски и транспарентни критериуми за утврдување на способност, кои договорниот орган ги утврдува однапред и им ги соопштува на економските оператори во тендерската документација.

При утврдување на способноста на економските оператори, договорниот орган утврдува:

- дали постојат причини за исклучување од постапката,
- дали се исполнети условите за квалитативен избор и
- дали се исполнети стандардите за системи за квалитет и стандардите за управување со животната средина.

## 1. Причини за исклучување од постапката

Причините за исклучување на економскиот оператор од постапката за јавна набавка се делат на задолжителни и незадолжителни причини за исклучување.

**Задолжителни основи за исклучување**: Договорниот орган задолжително го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и
- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

Од постапката за јавна набавка задолжително ќе биде исклучен и економскиот оператор кој:

- има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
- на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или
- дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

Исто така, од постапката за јавна набавка задолжително ќе биде исклучен и економскиот оператор доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци.

**НАПОМЕНА!!! Во сите горенаведени случаи, договорниот орган задолжително го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка.**

**Незадолжителни основи за исклучување**: Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка во случаите кога условот за исклучување ќе го наведе во тендерската документација:

- доколку договорниот орган оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка;
- доколку економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;
- доколку економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

**НАПОМЕНА!!! Договорниот орган може да го исклучи економскиот оператор од постапката за јавна набавка, врз основа на некој од горенаведени случаи, само ако истите ги навел во тендерската документација.**

**Какви докази може да се побараат од економските оператори за да се докаже дека тие не се предмет на задолжителни или незадолжителни причини за исклучување?**

Економските оператори во зависност од постапката за јавна набавка доставуваат изјава за докажување на способноста и/или потврди издадени од надлежен орган во Република Северна Македонија или од друга земја во која е регистриран економскиот оператор, изјави и други документи со кои можат да потврдат дека не постојат задолжителни или незадолжителни причини за нивно исклучување од постапката. Извод од листата на негативни референци договорниот орган ја обезбедува од ЕСЈН.

Со **Изјава** дадена од самиот економски оператор, се докажува дека во последните пет години на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на

надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него не му била изречена правосилна пресуда за учество во учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

Со **Потврда издадена од надлежен орган** (во нашата држава - Централниот регистар), се докажува дека врз економскиот оператор не е отворена постапка за стечај и постапка за ликвидација (Внимавајте!!! станува збор за две одделни потврди).

Со **потврда издадена од надлежен орган од земјата каде што економскиот оператор е регистриран**, се докажува дека економскиот оператор ги има платено даноците, придонесите и други јавни давачки (во нашата држава - Управата за јавни приходи).

Со **потврда издадена од надлежен орган за водење на регистри во кои се впишуваат изречени казни** (во нашата држава - Централниот регистар), се докажува дека на економскиот оператор не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство.

Со **потврда издадена од надлежен орган за водење на регистри во кои се впишуваат изречени казни** (во нашата држава - Централниот регистар), се докажува дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност (станува збор за две потврди, едната за привремена а другата за трајна забрана).

Со **потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција** (во нашата држава - Централниот регистар), се докажува дека на економскиот оператор не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност (Внимавајте!!! станува збор за две потврди, едната за забрана за вршење професија, дејност или должност а другата за привремена забрана за вршење одделна дејност).

Внимавајте!!! Изјавата дека на економски оператор во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторени кривични дела (наведени погоре), ја потпишува одговорното лице а се однесува и на лицата кои се членови на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор.

**НАПОМЕНА!!! На економски оператори кои имаат решение од УЈП за репрограмирање на даночен долг кој редовно го плаќаат согласно со прописите од областа на даноците им се дава можност да учествуваат во постапки за доделување на договори за јавни набавки.**

Што со економските оператори од странство. Со кои документите тие докажуваат дека не постојат задолжителни причини за нивно исклучување од постапката? Во постапката за јавна набавка и странските економски оператори, треба да достават соодветни документи издадени од надлежните органи во нивните земји. Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите со кои се докажува дека не постојат причини за негово исклучување од постапката, или ако тие не ги опфаќаат сите барани случаи, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган (на пример заверена на нотар, суд, соодветна стопанска асоцијација и слично).

Горенаведените документите со кои економските оператори докажуваат дека не постојат причини за нивно исклучување од постапката за јавна набавка, **не смеат да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество.**

Погоренаведената документација, економските оператори задолжително ја доставуваат кај отворената постапка, ограничената постапка, конкурентна постапка со преговарање, конкурентен дијалог, партнерство за иновации и постапка со преговарање со објавување оглас.

Кај поедноставената отворена постапка економскиот оператор има можност да бира дали ќе достави изјава за способност (која се однесува на сите услови за утврдување способност) или бараната документација. Во оваа постапка, пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен да ги достави документите за утврдување способност, доколку не ги доставил со понудата, а договорниот орган ги прифаќа документите кои се издадени и по крајниот рок за поднесување на понудите.

Кај набавката од мала вредност, договорниот орган го утврдува единствено условот за вршење професионална дејност. Сепак, предвид треба да ја има одредбата од член 101 став 7 од законот, согласно која доколку дојде до прекршување на изјавата за сериозност на понудата, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Оттука, договорниот орган и кај набавката од мала вредност треба да провери дали економскиот оператор е на листата на издадени негативни референци.

**НАПОМЕНА!!! Кога во постапката учествува физичко лице, треба да се има предвид дека истото не е во можност да ги обезбеди единствено документите со кои се докажува дека не е во постапка на стечај или ликвидација, и евентуално документ дека нема неплатени даноци.**

## 2. Услови за квалитативен избор на економските оператори

Како услови за квалитативен избор на економскиот оператор договорниот орган може да користи само:

- способност за вршење професионална дејност;
- економска и финансиска состојба и
- техничка и професионална способност.

**НАПОМЕНА!!! Во постапката за јавна набавка договорниот орган ги вклучува само оние услови што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност, односно на делот од предметот на набавка кај деливите набавки.**

При тоа, договорниот орган **задолжително** ја утврдува способноста за вршење професионална дејност, а **може** да ги утврди економската и финансиската состојба и техничката и професионалната способност.

Во огласот за јавна набавка, во поканата за потврдување интерес (или во периодичното индикативно известување во случаите кога се користи како замена за оглас), договорниот орган ги наведува условите потребни за учество, кои се изразуваат како минимални параметри, вклучувајќи ги и релевантните докази.

### 2.1 Способноста за вршење на професионална дејност

Договорниот орган како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

Регистрацијата најлесно може да се утврди со поднесување на документ за регистрирана дејност издаден од надлежен орган. Во нашата држава ваков документ издава Централниот регистар. Во случај економскиот оператор да достави друг документ издаден од Централниот регистар со кој се потврдува неговата регистрација, комисијата може да го земе предвид и ваквиот доказ.

Понекогаш во постапката за јавна набавка со своја понуда може да учествува економски оператор кој е основан и ја врши својата дејност според други прописи. Доколку природата на дејноста која ја обавува економскиот оператор е таква што тој нема обврска да се регистрира во Централниот регистар, во тој случај комисијата ги зема предвид

соодветните документи со кои истиот докажува дека е способен да ја врши дејноста. Пример, доказ за членство во релевантна професионална организација може да биде изјава или потврда издадена од организација (комора и сл.) каде економскиот оператор членува.

Постојат одредени дејности за кои освен документ за регистрирана дејност, е потребно и поседување посебна лиценца, дозвола или сертификат за да може да се врши таа дејност. Овие посебни лиценци, дозволи или сертификати што се предвидени со материјалните прописи треба да се имаат предвид и при спроведување на постапки за доделување на договори за јавни набавки. Така, кога договорниот орган доделува договори за јавна набавка, за кои со материјалните прописи се бара поседување на соодветни лиценци, дозволи или сертификати, истите треба да се бараат од економските оператори покрај документот за регистрирана дејност.

Што во случај кога во постапката учествува група на понудувачи, а договорниот орган согласно со член 90 став 2 од законот, бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани со закон со кој се уредува предметот на набавка? Во случај на групата економски оператори, членот од групата кој ќе ги дава услугите, односно ќе ги врши работите треба да ја поседува бараната лиценца, дозвола или овластување. Ова треба да биде видливо од договорот за поднесување групна понуда, кој се доставува заедно со понудата. Доколку од одредбите на договорот не е јасно видливо кој од групата ќе ги пружа услугите, односно ќе ги изведува работите за кои е потребна бараната лиценца, сите економски оператори од групата треба да ги поседуваат бараните лиценци.

**Внимавајте!!! Документот за регистрирана дејност се смета за валиден кога содржи општа клаузула за бизнис, односно кога дејност е поврзана со предметот на набавка. Овој документ може да биде постар од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество.**

**НАПОМЕНА!!!** Економскиот оператор во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на способност за вршење професионална дејност **НЕ МОЖЕ да ја користи способноста на други субјекти.**

## 2.2 Економска и финансиска состојба

Договорниот орган може да утврди минимални услови за да потврди дека економските оператори ја имаат потребната економска и финансиска способност за извршување на договорот.

**Целта на овој критериуми е да се утврди дека економските оператори се финансиски способни да го издржат договорот доколку бидат избрани за носители на набавката.**

Договорниот орган може да побара економскиот оператор:

- да има одреден минимален годишен приход, вклучувајќи и одреден минимален приход во дејноста поврзана со предметот на јавна набавка;
- да има одредена минимална вредност на показатели на работењето, кои, меѓу другото, ги искажуваат нивоата на стабилност, ликвидност и успешност, вклучувајќи и споредба со показателите на просекот на дејноста поврзана со предметот на јавна набавка и/или
- да обезбеди соодветно ниво на осигурување од професионални ризици.

**НАПОМЕНА!!! Договорниот орган не смее да бара минималниот годишен приход да изнесува двојно повеќе од проценетата вредност на набавката.**

Во случај кога, договорниот орган бара информации од финансиските извештаи на економскиот оператор, во тендерската документација ги одредува начините и условите кои ќе се користат за оценка на исполнетоста на условот за учество (кои мора да бидат транспарентни, објективни и недискриминаторски).

**НАПОМЕНА!!! Кога јавната набавка е поделена на делови, договорниот орган не смее да бара минималниот годишен приход да изнесува двојно повеќе од проценетата вредност на секој дел поединечно.**

Во случаите на рамковна спогодба со повеќе економски оператори со повторно прибирање понуди, бараниот годишен промет се пресметува врз основа на очекуваниот најголем обем на поединечните договори што ќе се реализираат во исто време, а доколку тоа не е познато, врз основа на проценетата вредност на рамковната спогодба.

Во случаите на динамични системи за набавки, бараниот годишен приход се пресметува врз основа на очекуваниот најголем обем на поединечните договори што ќе се реализираат во рамките на тој систем.

**Какви докази може да се побараат од економските оператори за да докаже дека ги исполнува бараните минимални услови за економска и финансиска состојба?**

Како доказ за економската и финансиската состојба на економските оператори, договорниот орган може да бара еден или повеќе од следниве документи:

- соодветни изводи од банки;
- доказ за релевантно осигурување за надомест при професионален ризик,
- извештај за билансот на состојба издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба или извадоци од извештајот за билансот на состојба, во случаи

кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран и

- извод од целокупниот приход на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што се бара, изјава за приходот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации.

Доколку, договорниот орган бара соодветни изводи од банки, треба да воспостави одредени општи параметри во однос на ликвидноста или солвентноста на економскиот оператор (на пр., ликвидно да работи во одреден временски период). Соодветните изводи од банки практично ќе бидат изводи од сметката на економскиот оператор во бараниот период или пак тековна состојба на неговата сметка. Со нив се докажува солвентноста и ликвидноста, а се издаваат од страна на банките чиј клиент е економскиот оператор. При тоа, треба да се има предвид и доверливоста на податоците во однос на извршените трансакции.

Осигурување од професионален ризик се бара кај одредени договори за јавна набавка на услуги и тоа само во оние случаи каде со материјалните прописи кои ги регулираат соодветните области се бара од вршителот на дејноста да поседува осигурување за надомест од професионален ризик за да може да ги пружа услугите. Во другите случаи овој услов е неприменлив и не треба да се бара. Со него се докажува дека економскиот оператор има важечко осигурување од професионален ризик, а се издава од страна на осигурителни компании.

Извештај за билансот на состојба се бара за да се утврдат одредени факти, односно да се докаже финансиската состојба, ресурсите и обврските кои ги поседува економскиот оператор. Овој документ се издава од страна на надлежен орган (во нашата држава Централен регистар) или самиот економски оператор, доколку годишните сметки биле предмет на ревизија.

**ПОЈАСНУВАЊЕ!!! Билансот на состојба** преставува извештај за финансиската состојба и ги содржи категориите и износите на средствата (ресурсите на фирмата), обврските (побарувањата на тие ресурси) и акционерската главнина во специфични моменти.

Во тој контекст, билансот на состојбата покажува колку (и кои) средства се повеќе ликвидни (побрзо се претвораат во пари!) од другите, како и какво е потеклото на капиталот во компанијата, односно колкав удел имаат готовите средства, колкав дел „од колачот“ отпаѓа на кредитите, опремата, машините, земјиштето, објектите, залихите и сл.

Изводот од билансот на успех се бара за да се докаже вкупниот годишен промет во соодветната област (максимум за последните три години), а се издава од страна на Централен регистар или самиот економски оператор, доколку годишните сметки биле предмет на ревизија.

**ПОЈАСНУВАЊЕ!!! Билансот на успех** претставува преглед на вкупните приходи и расходи на претпријатието за определен временски период, најчесто една година, односно за остварениот финансиски резултат (профитабилност) од работењето на претпријатието - реализираниот профит (добивка) или реализираната загуба. Затоа билансот на успех често се нарекува и сметка или биланс на добивка и загуба.

Информации што треба да бидат прикажани во билансот на успех се: Приходите од продажбата, резултати од оперативните активности, финансиските трошоци, даночните расходи, добивката или загубата од редовните активности, вонредните приходи, вонредните расходи, малцинскиот интерес и нето добивката или загубата во пресметковниот период.

**НАПОМЕНА!!!: Доколку економскиот оператор ја врши дејноста во период помал од три години, тогаш договорниот орган ги прифаќа податоците за периодот за кој истите постојат. Но, доколку станува збор за новоформиран економски оператор за кој не постојат податоци за ниту една година, во тој случај ваквата понуда од страна на договорниот орган треба да биде отфрлена како неприфатлива понуда.**

## 2.2.1 Користење способност од други субјекти во делот на економската и финансиската состојба

Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на **економската и финансиската состојба да ја користи способноста на други субјекти**, без оглед на правните врски помеѓу нив.

Ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.

**НАПОМЕНА!!! Пожелно е договорниот орган во тендерската документација да наведе каков конкретен доказ очекува да добие за да се увери дека ресурсите ќе му бидат на располагање. Во спротивно е должен да прифати кој било доказ кој ќе го достави економскиот оператор.**

Доколку економскиот оператор користи способност од друг субјект во однос на условите што се однесуваат на економската и финансиската состојба, договорниот орган

може да побара економскиот оператор и субјектот кој дава поддршка да преземат солидарна одговорност за извршување на договорот.

Договорниот орган има обврска да провери дали субјектот чија способност ја користи економскиот оператор ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување.

При тоа, договорниот орган во конкретната постапка за субјектот чија способност ја користи економскиот оператор, од аспект на потребните услови за квалитативен избор ја проверува исполнетоста на условите во делот на способноста која е релевантна, односно која економскиот оператор ќе ја користи од него.

ПРИМЕР!!! Доколку во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба, економскиот оператор ја користи способноста на други субјекти, договорниот орган за субјектот чија способност ја користи економскиот оператор, освен што треба да провери дали постојат причини за негово исклучување од постапката, ја проверува и исполнетоста на бараните услови за економската и финансиската состојба, доколку економскиот оператор ја користи од него.

**Ако понудата или пријавата за учество, е поднесена од група на понудувачи, економската и финансиската состојба се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата. Ако групата на понудувачи или кандидати настапува со техничка или професионална поддршка од трет субјект, или трети субјекти, техничката и професионалната способност се утврдуваат согласно член 96 став 1, 2, 3, 4 и 5 од законот.**

## 2.3 Техничка или професионална способност

Договорниот орган може да одлучи во постапката за јавна набавка да ја земе предвид техничката и/или професионалната способност на економските оператори. Утврдувањето на конкретните услови за техничката и/или професионалната способност имаат за цел да обезбедат дека економските оператори ги поседуваат неопходните човечки и технички ресурси, како и искуство за да го извршат договорот.

**Кога договорниот орган ќе одлучи да ја утврди техничката или професионалната способност определува минимални услови кои јасно и прецизно ги наведува во тендерската документација, како и документите со кои ќе ја докаже исполнетоста на бараните минимални услови.**

**Какви докази може да се побараат од економскиот оператор за да докаже дека ги исполнува бараните минимални услови за техничката и/или професионалната способност?**

Законот пропишува исцрпна листа на докази кои договорниот орган може да ги бара од економските оператори за докажување на нивната техничка и/или професионална способност. Имајќи предвид дека листата е исцрпна, договорниот орган не може да бара други докази кои не се наведени во неа. Меѓутоа, договорниот орган не е должен да ги бара сите наведени докази туку само доказите кои се потребни за да се оцени техничката и/или професионалната способност на економските оператори во врска со договорот кој ќе се додели. Оваа листа на докази е поделена според предметот на договорот (односно на стоки, работи или услуги).

Во постапките за јавни набавки, техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да се докаже на еден или на повеќе од следниве начини:

- со листа на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за соодветните испораки на стоки или извршени услуги пред повеќе од три години, што го наведува во тендерската документација;
- со листа на работи извршени во последните пет години, со приложување потврда за задоволителна изведба на најважните работи. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за изведени работи пред повеќе од пет години, што го наведува во тендерската документација;
- со опис на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе учествуваат во извршувањето на јавната набавка, особено на оние кои се одговорни за контролата на квалитетот, а во случај на јавна набавка на работи, оние што ќе бидат вклучени во изведување на работите, без оглед на тоа дали се вработени во економскиот оператор или не;
- со опис на техничките услови и мерки кои економскиот оператор ги користи за да обезбеди квалитет како и со опис на своите капацитети за развој и истражување;
- со наведување на системот за управување и следење на синџирот за снабдување, кој економскиот оператор ќе може да го примени при извршување на договорот;
- во случај кога се набавуваат сложени стоки или услуги, или во исклучителни случаи за посебни намени, со проверка на производствените капацитети или ако е потребно и на капацитетите за проучување и истражување, како и на

мерките за контрола на квалитетот, која ја спроведува договорниот орган или во негово име надлежен орган во земјата на основање;

- со образовните и професионални квалификации на давателот на услуги или на изведувачот на работи или на неговиот менаџерски кадар, под услов тие да не се евалуираат како критериум за избор на најповолна понуда;
- со наведување на мерките за управување со животната средина кои економскиот оператор ќе може да ги користи во извршувањето на договорот;
- со изјава за просечниот годишен број на вработени кај давателот на услуги или изведувач на работи и за бројот на неговиот раководен кадар во последните три години;
- со изјава за инструментите, постројките или техничката опрема, која давателот на услугите или изведувачот на работите ја има на располагање за извршување на договорот;
- со наведување на делот од јавната набавка, кој економскиот оператор има намера го отстапи на подизведувач и
- во однос на стоките што треба да се набават:

\- мостри, опис и/или фотографии на производи кои се предмет на испорака, а чија веродостојност економскиот оператор е должен да ја потврди доколку тоа го побара договорниот орган и

\- сертификати и извештаи издадени од надлежни тела за контрола за квалитет со признаена компетентност, а кои ја тестираат погодноста на производите што јасно била утврдена со упатувањата кон спецификациите и стандардите.

Со **листата на главни испораки** економскиот оператор го докажува искуството од релевантни претходни испораки или извршени услуги кои успешно ги реализирал. Покрај листата која ја подготвува самиот економски оператор, истиот е должен да обезбеди и потврда/и за извршени испораки или извршени услуги. Оваа потврда/и се издава од страна на примателите (во случај примателот да бил договорен орган, потврда издадена од договорниот орган. Во случај примателот да бил друг економски оператор, потврда издадена од тој економски оператор). Договорниот орган, во основа го зема предвид искуството на економскиот оператор во последните три години. Но, со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, може, да ги земе предвид и доказите за соодветните испораки на стоки или извршени услуги пред повеќе од три години, што го наведува во тендерската документација.

Со **листата на работи извршени во последните пет години**, економскиот оператор го докажува искуството од релевантни претходни извршени работи кои успешно ги реализирал. Покрај листата која ја подготвува самиот економски оператор, истиот е должен да обезбеди и потврда/и за задоволителна изведба на најважните работи. Договорниот

орган, во основа го зема предвид искуството на економскиот оператор во последните пет години. Но со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, може, да ги земе предвид и доказите за изведени работи пред повеќе од пет години, што го наведува во тендерската документација.

Со **опис на техничкиот персонал и техничките органи** економскиот оператор ја докажува достапноста на техничкиот персонал кои ќе учествуваат во извршувањето на предметната набавка, особено оној/ие кои се одговорни за контролата на квалитетот, без оглед на тоа дали се вработени кај економскиот оператор или не. Во случај на јавна набавка на работи, економскиот оператор го наведува персоналот кои ќе биде вклучен во изведување на работите, без оглед на тоа дали се вработени кај економскиот оператор или не. Оваа изјава ја издава самиот економски оператор. Доколку, техничкиот персонал и техничките органи не му припаѓа на економскиот оператор, во прилог на документацијата треба да се достави и доказ за нивната достапност (договор за деловно-техничка соработка, изјава од лицата кои ќе бидат ангажирани и сл.).

Со **опис на техничките услови и мерки** кои ќе ги користи, како и **со опис на своите капацитети за развој и истражување**, економскиот оператор опишува како со помош на техничките услови и мерки, односно со капацитети за развој и истражување кои ќе ги примени (користи) ќе го обезбеди квалитетот на извршените испораки, извршените услуги или извршените работи. Овој опис во форма на изјава го дава самиот економски оператор.

Со **наведување на системот за управување и следење на синџирот за снабдување**, кој ќе го примени при извршување на договорот економскиот оператор докажува дека ќе обезбеди непречено извршување на договорот. Наведувањето на системот за управување и следење на синџирот за снабдување се дава во форма на изјава.

Со **проверка на производствените капацитети и/или капацитетите за проучување и истражување**, како и на мерките за контрола на квалитетот, се докажува дека економскиот оператор има производствени капацитети и/или капацитети за проучување и истражување во кои може да се произведат сложени стоки или да се пружат услуги со бараниот квалитет. Контролата ја спроведува договорниот орган кој ја спроведува постапката и тоа во фазата на евалуација на понудите или во негово име надлежен орган во земјата на основање, а документот од спроведената контрола го издава договорниот орган или надлежен орган во земјата каде е регистриран економскиот оператор кој ја спровел истата.

Со **образовните и професионални квалификации на давателот на услуги или на изведувачот на работи или на неговиот менаџерски кадар**, економскиот оператор докажува дека поседува, односно располага со персонал со бараните образовни и

професионални квалификации кои се неопходни за успешно реализирање на предметот на набавка. Во однос на бараниов доказ економски оператор доставува CV-ја, дипломи и сл.

Кога договорниот орган смета дека при извршувањето на договорот за јавна набавка од особено значење е заштитата на животната средина, економскиот оператор ги наведува **мерките кои ќе ги користи со цел управување со животната средина**.

Со **изјава за просечниот годишен број на вработени и за бројот на раководен кадар во последните три години**, економскиот оператор докажува дека располага со соодветен број на вработени лица и раководен кадар кој е неопходен за извршување на договорот. Оваа изјава ја дава самиот економски оператор.

Со **изјава за инструментите, постројките или техничката опрема, која давателот на услугите или изведувачот на работите ја има на располагање за извршување на договорот**, економскиот оператор докажува дека ја поседува/има на располагање бараната опрема која е неопходна за квалитетно извршување на договорот. Оваа изјава ја издава самиот економски оператор.

Доколку за извршување на договорот за јавна набавка (или одделен негов дел) е потребно поседување на посебни образовни и професионални квалификации на давателите на услуги или на изведувачите на работи, а економскиот оператор не ги поседува, во тој случај го наведува делот од јавната набавка кој има намера го отстапи на подизведувач (и за подизведувачот ја доставува потребната документација согласно со член 118 став 2), и

Доколку предмет на набавка се стоки, економскиот оператор во согласност со барањата во тендерската документација доставува:

- мостри, опис и/или фотографии на производи кои се предмет на испорака, а чија веродостојност економскиот оператор е должен да ја потврди доколку тоа го побара договорниот орган (и со тоа се докажаува дека во своите производствени капацитети може да ја произведе и испорача бараната стока) и

- сертификати и извештаи издадени од надлежни тела за контрола за квалитет со признаена компетентност, а кои ја тестираат погодноста на производите што јасно била утврдена со упатувањата кон спецификациите и стандардите.

НАПОМЕНА!!! Договорните органи во тендерските документации не треба да бараат приложување на докази како на пример М1/М2 образец како доказ за вработено лице туку приложување на потврда од надлежен орган.

### 2.3.1 Користење способност од други субјекти во делот на техничката или професионалната способност

Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

Ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.

Пожелно е договорниот орган во тендерската документација да наведе каков конкретен доказ очекува да добие за да се увери дека ресурсите ќе му бидат на располагање. Во спротивно е должен да прифати кој било доказ кој ќе го достави економскиот оператор.

Договорниот орган проверува дали субјектот чија способност ја користи економскиот оператор ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување.

При тоа, договорниот орган во конкретната постапка за субјектот чија способност ја користи економскиот оператор, од аспект на потребните услови за квалитативен избор ја проверува исполнетоста на условите во делот на способноста која е релевантна, односно која економскиот оператор ќе ја користи од него.

НАПОМЕНА!!! Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка да ја користи способноста на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност. Наведеново барање упатува на тоа дека во конкретниов случај субјектот чија способност се користи треба да биде подизведувач.

**Ако понудата или пријавата за учество, е поднесена од група на понудувачи, техничката и професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата. Ако групата на понудувачи или кандидати настапува со техничка или професионална поддршка од трет субјект, или трети субјекти, техничката и професионалната способност се утврдуваат согласно член 96 став 1, 2, 3, 4 и 5 од законот.**

**Внимавајте!!! Кога станува збор за група на понудувачи, а во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство, истите треба да ги исполнува оној член од групата кој ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите**

**за кои се бара таквата способност. Ова треба да биде јасно видливо од договорот за поднесување групна понуда.**

**НАПОМЕНА!!! Договорниот орган може, во случаите на јавна набавка на стоки кои вклучуваат услуги за нивно поставување или вградување, услуги и работи, да бара некои од клучните задачи да ги изврши понудувачот, а во случај на групна понуда, да ги извршат учесниците во оваа група.**

## 3. Стандарди за системи за квалитет

Со стандардите за системи за квалитет детално се опишани системите кои треба да бидат користени од страна на економските оператори со цел да се обезбеди квалитетот на производствениот, односно деловниот процес.

Законот дава можност во соодветни случаи каде што природата на предметот на јавната набавка го оправдува користењето на наведениве стандарди, договорниот орган да бара од економските оператори да се придржуваат кон тие стандарди.

**НАПОМЕНА!!! Во тој случај, договорниот орган е должен во огласот и во тендерската документација да ги ги посочи системите за квалитет засновани врз релевантните европски или меѓународни стандарди.**

Според принципот за заемно признавање, договорниот орган ги прифаќа еквивалентните сертификати издадени од тела основани во земјите членки на Европската Унија. По исклучок, договорниот орган прифаќа и други еквивалентни докази за системи на квалитет, доколку од причини кои не може да му се припишат како пропуст, економскиот оператор не можел во рокот за доставување на понудата/пријавата за учество да го добие бараниот сертификат, под услов да докаже дека предложените мерки за обезбедување квалитет ги исполнуваат бараните стандарди за системи на квалитет.

**НАПОМЕНА!!! Економскиот оператор НЕ МОЖЕ во постапката за јавна набавка, заради исполнување на стандардите за системи за квалитет да ја користи способноста на други субјекти.**

**Внимавајте!!! Во случај на група економски оператори сите членови на групата поединечно треба да докажат дека производствениот или деловниот процес им е контролиран, односно дека при одвивањето на истиот се придржуваат до конкретните барани сертификати.**

**НАПОМЕНА!!! Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, а за делот кој го дава на подизведување се бара поседување на стандарди за системи за квалитет, подизведувачот е должен да ги поседува истите.**

## 4. Стандарди за управување со животната средина

Стандардите за управување со животната средина претставуваат низа на меѓународни стандарди за управување со животната средина со кои се обезбедува рамка за развој како на системот така и на програмите за контрола.

Законот за јавните набавки дава можност во соодветни случаи каде што природата на предметот на јавната набавка го оправдува користењето на стандардите за заштита на животната средина, договорниот орган да се повика на шемата за управување со животната средина и ревизија на Заедницата (EMAS) или стандардите за управување со животната средина засновани на релевантните европски или меѓународни стандарди потврдени од институции за акредитација или оценување на сообразност или од релевантните европски или меѓународни тела акредитирани за сертификација.

По исклучок, договорниот орган прифаќа и други еквивалентни докази за мерки за управување со животната средина, доколку од причини кои не може да му се припишат како пропуст, економскиот оператор не можел во рокот за доставување на понудата/пријавата за учество да го добие бараниот доказ, под услов да докаже дека овие мерки се еквивалентни на оние што се бараат во согласност со важечките системи или стандарди за управување со животната средина.

**НАПОМЕНА!!! Доколку, договорниот орган одлучи да бара одредени стандарди за управување со животната средина, тој треба во огласот и во тендерската документација да ги наведе конкретните стандарди кои треба да бидат потврдени од институции за акредитација или оценување на сообразност или од релевантните европски или меѓународни тела акредитирани за сертификација.**

Овие стандарди се користат за утврдување на способноста на понудувачот, а не на самите производи што се набавуваат.

**НАПОМЕНА!!! Економскиот оператор НЕ МОЖЕ во постапката за јавна набавка, заради исполнување на стандардите за управување со животната средина да ја користи способноста на други субјекти.**

**Внимавајте!!! Во случај на група економски оператори сите членови на групата поединечно треба да докажат дека производствениот или деловниот процес им е контролиран, односно дека при одвивањето на истиот се придржуваат до конкретните барани сертификати.**

**НАПОМЕНА!!! Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, а за делот кој го дава на подизведување се бара поседување**

**на стандарди за управување со животната средина, подизведувачот е должен да ги поседува истите.**

## 5. Единствен документ за докажување на способноста

„Единствен документ за докажување на способноста“ е документ што го издава Централниот регистар на Република Македонија и што содржи податоци со кои се докажуваат елементи од способноста на економскиот оператор;

Преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), корисниците се во можност да купат Единствен документ, односно пакет документи кои ги издава Централниот регистар (ЦРРСМ) директно по електронски пат, без да има потреба истите да ги вадат на шалтер. Имено, со користењето на оваа опција, економските оператори одбираат од понудените пакет документи – потребни за докажување на личната, професионалната и економско-финансиската способност со важност од една година. При издавање на документите на овој начин, всушност сите документи од пакетот се сублимирани во еден документ кој се доставува изворно во оригинална електронска форма.

За да ги купите пакет документите, треба да се најавите во ЕСЈН, од левото мени да го изберете подменито „Мој Профил“ и да кликнете на линкот „**Купи единствен документ за јавни набавки (ЕДЈН)** “, по што ќе ви се отвори форма за да изберете кој од понудените пакети на документи сакате да го купите.




За да го нарачате избраниот пакет на документи кликнувате на копчето „Плати за услугата“, по што корисникот се препраќа кон системот за електронско плаќање на ЦРРСМ со цел да може да изврши плаќањето за бараниот пакет на документ/и.

Имено имате можност да одберете од три понудени пакети на документи:

1 Документи за докажување на лична состојба, професионална способност и економско финансиска состојба;

2 Документи за докажување на лична состојба и професионална способност; и

3 Документ за докажување на економско финансиска состојба – Извештај од билансот на состојба и билансот на успех.

По купување на услугата документите ќе ги добиете следниот ден во линкот „Документи на профил“ од подменито „Мој профил“, истите не можете да ги избришете, а по истекот на 1 година од моментот на купување ќе бидат избришани автоматски.

Документите ќе бидат распределени во соодветните полиња на ЕСЈН, односно на следниот начин:




Доколку имате купено пакет документи, при поднесување на понуда преку ЕСЈН истите се преземаат од „Документи на профил“ и автоматски се прикачуваат во соодветните полиња во понудата, по што на комисиите за јавни набавки им се достапни при процесот на евалуација.

Модулот „Документи на профил“ им е овозможен само на корисниците на ЕСЈН кои имаат купено пакет документи од ЦРРСМ преку ЕСЈН.

Начинот на автоматско обновување на пакетот документи е следен:

- Документите за докажување на лична состојба : на истекот од 6 (шест) месеци од денот на иницијално креираните документи,

- Документите за докажување на професионална способност (ДРД образец): по завршување на обработката на годишните сметки*

- Документите за економско финансиска состојба: по завршување на обработката на годишните сметки*

* Обработка на годишните сметки се врши до 31.3 (триесет и први март) во тековната година. По 31.03 ќе бидат обновени ДРД образецот и документите за економско финансиска состојба, и тоа во истата календарска година доколку пакетот е купен пред 31.03, или во следната календарска година доколку пакетот е купен по 31.03.

**Напомена: По истекување на периодот од една година од купување на пакетот документи, сите документи од пакетот ќе бидат избришани од Профилот, и доколку сакате да продолжите со користење на услугата потребно е да извршите повторна нарачка.**

**Напомена:** Во пакет документите за докажување на личната состојба не се вклучени документите: „Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки“ кој се издава од Управата за јавни приходи и „Изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН “. Овие документи дополнително ги прикачувате во „Документи на профил“ или директно при поднесување на понудата, и за нивното ажурирање е одговорен самиот економски оператор. Внимавајте при ажурирањето на документите кои Вие ги прикачувате!! При креирање на понудата на ЕСЈН, кон неа автоматски се прикачуваат документите кои во тој момент биле достапни во модулот „Документи на профил“.